# АДИНГФАС 3

*Декоративен малтер со зарибана структура (2mm)*
*Изработен на цементно полимерна основа*
*Одговара на EN 998-1*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Адингфас 3 е готов малтер на минерална основа, кој се користи за декоративна и заштитна завршна обработка на бетонски, малтерисани, глетувани внатрешни ѕидни површини.

## СВОЈСТВА

- еднокомпонентен;
- паропропусен;
- отпорен на мувли;
- одлична покривност;
- одлична атхезија за подлогата;
- лесен за изведба;
- економичен;
- во бела боја.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | бел малтер |
| Јакост на притисок на 28 дена | EN 1015-11 | CS II од 1,5-5N/mm² |
| Пропустливост на водена пареа | EN 1015-19 | μ ≤15 |
| Термичка спроводливост | EN 1756 | λ = 0,41 W/mK при P=50%<br>λ = 0,47 W/mK при P=70% |
| Време на сушење при 20˚C и релативна влажност од 65% | - | површински на допир 6-8h<br>целосно сушење 24h |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Подлогата треба да биде здрава, сува, рамна, чиста, без масти, прашина, лабилни позиции, мрсни флеки, соли и да има фина завршна текстура.

Нова подлога

Кај малтерските подлоги се препорачува малтерот да биде со фино обработена завршна структура, бидејќи нерамнините ја отежнуваат обработката на декоративниот малтер и нема да се добие ефектот на предвидената структура. Новите вградени малтери, како и фасадните глет маси, при нормални услови, на температура од 20°C и релативна влажност на воздухот од 65%, потребно е да созреат најмалку еден ден за секој mm од дебелината.

Стара подлога

Кај старите подлоги потребно е да се отстранат сите лабилни позиции, како и постоечките премази. Доколку постојат оштетувања на подлогата, потребно е тие да се санираат со соодветни материјали и позициите завршно да се порамнат. Задолжително пред вградувањето подлогата треба да се исчисти и обеспраши.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р.С. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

**ВГРАДУВАЊЕ**

Пред нанесување на декоративниот малтер, на површината препорачливо е да се апплицира структурна подлога Хидрофас Грунд. Нанесувањето на Хидрофас Грунд е со четка, ваљак или со распрскување во еден слој. Вградувањето на Адингфас 3, при температура од 20°C и релативна влажност на воздухот од 65% е по 12 часа од нанесувањето на Хидрофас Грунд. Температурата на подлогата треба да биде од 10-35°C, а влажноста на воздухот пониска од 50-60%.

Адингфас 3 е малтер во прашкаста форма, кој се подготвува со вода, по што се меша со бавен мешач до потполно воедначување. Материјалот треба да одлежи 5min, а потоа непосредно пред вградувањето треба да се промеша. Материјалот се нанесува рачно, со рамна метална глетарка. Површината се обработува 10min по нанесувањето. За обработка на површините се користи тврда пластична глетарка, а обработката се изведува со кружни движења. Отворено време за обработка на материјалот е 30min. Доколку при изведбата се забележат испакнувања, како резултат од извлекувањето (обработката) на површината, тогаш е потребно неколку минути по обработката овие позиции да се втиснат и повторно да се обработат со лесни кружни потези, користејќи челична глетарка. Обработените површини треба да се заштитат од сонце, ветер и прашина во период од 24h по вградувањето.

Површините обработени со Адингфас 3 по потреба можат да се импрегнираат со Фасил В или да се обојат со дисперзна боја.

## ПОТРОШУВАЧКА

Хидрофас Грунд - 0,20-0,25 kg/m²
Адингфас 3 – 3,0-3,5 kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Хидрофас Грунд: пластична кофа од 5kg и 25 kg
Адингфас 3: во вентил вреќа од 25 kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории. Рок на употреба 12 месеци.

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата (да се користат заштитни ракавици). Материјалот не е токсичен, но при ненадеен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, тие треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош.
Пожар: Адингфас 3 е незапалива течност. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Адингфас 3 се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна заштитна опрема.





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р.С. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk
www.ading.com.mk

| | | |
|---|---|---|
| Изработиле: | | |
| Самостоен инженер за примена и пласман | | |
| | потпис | дата |
| | | |
| Самостоен инженер за примена и развој | | |
| | потпис | дата |
| Одобриле: | | |
| Главен водечки менаџер за примена и пласман | | |
| | потпис | дата |
| | | |
| Раководител на институт | | |
| | потпис | дата |





АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р.С. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk